*Macedonian*

Victorian Equal Opportunity
& Human Rights Commission

simply your rights

# Вашето право да бидете третирани праведно и рамноправно

## Your Right to be treated Fairly and Equally

**Секој има право да биде третиран праведно и рамноправно. Во Викторија постојат закони кои ве штитат од дискриминација, сексуално злоставување и навреди врз расна и верска основа.**

### Дискриминација

Дискриминација е кога некој е третиран неправедно или неповолно заради лични карактеристики. Противзаконски е некој да биде дикриминиран заради:

- возраст
- доење
- статус на негувател
- онеспособеност или намалени способности
- полов идентитет
- занимање
- сексуална активност која не е противзаконска
- брачен статус
- родителски статус
- телесен изглед
- политичка активност или верување
- бременост
- раса
- религиозно верување или активност
- пол
- сексуална определеност
- дружење со некој кој има некои од горните карактеристики

### Сексуално злоставување

Сексуалното злоставување е забрането со закон. Сексуалното злоставување вклучува несакано сексуално допирање, несакани барања за имање секс или коментари за вашето тело или сексуален живот, како и сексуално навредливи приказни или шеги.

### Каде се случува дискриминација и сексуално злоставување?

Законот важи за однесувањето во јавноста, не во приватниот живот. Тоа значи дискриминацијата и сексуалното злоставување се спротивни на законот кога тие се случуваат на работното место, сместувањето, клубовите, образованието, производите и услугите, спортот и продавањето или префрлувањето земјиште.

### Навреди на расна и верска основа

Навредувањето на расна и верска основа се спротивни на законот. Навредите на расна и верска основа се вербално или физичко злоставување, заплашување и изразување на омраза или сериозно негирање на лице или група заради нивната раса или религија.

### За нас

The Equal Opportunity Commission Victoria им помага на луѓето да ги решаваат жалбите за дискриминација, сексуално злоставување и навреди на расна и верска основа нудејќи им услуги за разрешување кои се:

- ✓ доверливи
- ✓ непристрасни
- ✓ бесплатни
- ✓ едноставни

Комисијата не е трибунал или суд. Ние им помагаме на луѓето да ги решаваат жалбите со взаемна согласност. Ние не осудуваме, не се ставаме на едната или другата страна, ниту можеме да пресудиме надокнада.

### Поднесување жалба

Ако верувате дека сте биле дискриминирани, сексуално злоставени или навредени, можете да поднесете жалба до Комисијата.

Јавете се во Комисијата и побарајте бесплатно преведувач ако ви треба. Нашите службеници ќе ви помогнат да ја подготвите жалбата и ќе зборуваат со другите луѓе учесници во жалбата. Ние не се ставаме на ниедна страна и мораме да ја третираме жалбата доверливо.

Противзаконски е некој да ве третира неправедно или да ви се заканува заради поднесување жалба до Комисијата.

### Решавање на жалбите

Постојат повеќе начини на кои жалбите може да се решаваат. Нашите службеници ќе ви ги објаснат можностите, со цел да се дојде до најдобро решение.

Не ви е потребен адвокат за да достави жалба до Комисијата, меѓутоа некои луѓе се чувствуваат посигурни ако дојдат со адвокат или лице да ги придружува.

**Линија за совети (03) 9281 7100**
**БЕСПЛАТЕН ПОВИК (за повикувачите од внатрешноста) 1800 134 142**
**TTY: (03) 9281 7110**
**Е-пошта: complaints@veohrc.vic.gov.au**

Бесплатни преведувачи се достапни по барање.

---

**ОГРАДУВАЊЕ:** Овие информации се само ориентациони. Тие не се замена за правен совет.
**ВАШАТА ПРИВАТНОСТ:** VEO&HRC работи според законите за приватност на Викторија и деловите за приватност на Equal Opportunity Act 1995. Нашата политика за приватност е достапна на интернет на www.humanrightscommission.vic.gov.au/privacy или ако се јавите на Комисијата.
Одобрено и издадено од страна на Victorian Equal Opportunity and Human Rights Commission, 3/380 Lonsdale St, Melbourne, Victoria, 3000
April 2007